Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја во Општина Василево за 2023 година**

Се објавува Програмата за за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја во Општина Василево за 2023 година, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 11.12.2022 година.

08-1783/2
12.12.2022 г.

Општина Василево
Градоначалник
Славе Андонов

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 09.12.2022 година ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја во Општина Василево за 2023 година**

**Вовед:**

Програма се донесува со цел за уредување на просторот во определени места. Програмата е со цел да овозможи задоволување на потребите на градежната оператива за изградба и реконструкција на објекти во населените места. Инаку во програмата се опфатени сите активности поврзани со расчистување на постојни инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнувањето на реализацијата на програмата.

Со оваа програма се предвидува одредени објекти сопственост на општина Василево да им се изврши одредена адаптација и прилагодување со цел да бидат во функција на граѓаните.

Ова се однесува претежно на објектите како културните домови, школските дворови, и другите комерцијални објекти кои се сопственост на општината.

Степенот на реализација на програмата ќе се реализира согласно динамиката на прибирање на средствата од буџетот на општина Василево.

**Член 1**

А.Подготвителни работи:

-Расчистување на имотно-правни односи доколку постојат,

-Прибирање на урбанистичка документација и

-Изработка на инвестициона-техничка документација (проекти) **500.000 денари.**

Б.Опремување на објектите со инфраструктура:

-Реконструкција на објекти во месните заедници (школи културни домови и слично),

-Оградување и заштита на просторот околу објектите сопственост на општината,

-Изградба на други објекти од областа на инфраструктурата.

**Вкупно: 500.000 денари**

**Член 2**

Уредување на градежно земјиште во населените места во општина Василево

1. Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Висока Маала средства од 1.500.000 денари;
2. Реконструкција на повеќенаменско игралиште во ООУ "Гоце Делчев" – Василево во висина од 4.500.000 ден.
3. Реконструкција на повеќенаменско игралиште во с.Радичево во висина од 1.500.000 ден.
4. Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Чанаклија средства од 1.500.000 денари;
5.

**Вкупно:**
**9.000.000 денари**

**Член 3**

Уредувањето и реконструкцијата на објектите и земјиштето ќе се врши од средствата што ќе се прибираат од:

Буџетот на општина Василево вкупно: **9.500.000 денари,**

**Член 4**

Средства обезбедени од други нивоа на власт:

1. Партерно уредување на центарот во Нова Маала во висина од 4.000.000 денари, средства обезбедени од БРР.

**Член 5**

Оваа Програма влегува во сила веднаш по објавувањето во "Службен гласник на Општина Василево".

08-1783/1
12.12.2022

Совет на Општина Василево
Претседател
Ристо Делијанов